**3831.**

Врз основа на член 9 став (11) од Законот за данок на моторни возила („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.261/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 17 октомври 2023 година, донесе

## У Р Е Д Б А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА НАЧИНОТ НА ПРЕСМЕТКА НА ДАНОКОТ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА И НА ИЗНОСИТЕ ПОТРЕБНИ ЗА ПРЕСМЕТКА НА ДАНОКОТ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА

Член 1

Во Уредбата за начинот на пресметка на данокот на моторни возила и на износите потребни за пресметка на данокот на моторни возила („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.277/19) во членот 2 став (1) Табелата 2 се менува и гласи:

„

| Гранични вредности на $CO_2$ (грам $CO_2$/km) според WLTP | | Гранични вредности на $CO_2$ (грам $CO_2$/km) според NEDC | | Коефициент (денари/грам $CO_2$/km) | |
|---|---|---|---|---|---|
| над | до | над | до | к$CO_2$ Бензин,ТНГ,КПГ | к$CO_2$ Дизел |
| 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 |
| 1 | 63 | 1 | 50 | 8 | 15 |
| 64 | 94 | 51 | 75 | 15 | 30 |
| 95 | 113 | 76 | 90 | 30 | 60 |
| 114 | 123 | 91 | 100 | 45 | 90 |
| 124 | 135 | 101 | 110 | 60 | 120 |
| 136 | 153 | 111 | 130 | 75 | 150 |
| 154 | 160 | 131 | 140 | 105 | 195 |
| 161 | 172 | 141 | 150 | 180 | 270 |
| 173 | 188 | 151 | 170 | 265 | 375 |
| 189 | 210 | 171 | 190 | 390 | 510 |
| 211 | 249 | 191 | 225 | 495 | 605 |
| 250 | 282 | 226 | 255 | 590 | 750 |
| 283 | - | 256 | - | 695 | 880 |

“.

Ставот (2) се менува и гласи:

„Податоците од Табелата 2 од ставот (1) на овој член за граничните вредности на CO2 (грам CO2/km) според WLTP (Worldwide Harmonised Light Vehicle Test Procedure) методата на испитување, односно глобално усогласената испитна постапка за лесни возила за испитување на нивото на емисија на јаглерод диоксид CO2, ќе се користат за возилата за кои во потврдата за сообразност за ЕУ одобрување на возилото (Certificate of conformity-COC) постои само податок за износ на просечната емисија на јаглерод диоксид - CO2 во комбинирано возење изразена во согласност со WLTP (Worldwide Harmonised Light Vehicle Test Procedure) методата на испитување.

За возилата за кои во потврдата за сообразност за ЕУ одобрување на возилото (Certificate of conformity-COC) постои само податок за износ на просечната емисија на јаглерод диоксид - CO2 во комбинирано возење изразена во согласност со NEDC (New European Driving Cycle) ќе се користи податокот за граничните вредности на CO2 (грам CO2/km) според NEDC методата на испитување.

За возилата за кои во потврдата за сообразност за ЕУ одобрување на возилото (Certificate of conformity-COC) постои податок за износ на просечната емисија на јаглерод диоксид - CO2 во комбинирано возење изразена во согласност со NEDC (New European Driving Cycle) и WLTP (Worldwide Harmonised Light Vehicle Test Procedure) ќе се користи податокот за граничните вредности на CO2 (грам CO2/km) според WLTP (Worldwide Harmonised Light Vehicle Test Procedure) методата на испитување.“.

Член 2

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-6435/10
17 октомври 2023 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.